он-лајн издание
НОВАМАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК
издание број 21599 , 29.01.2009








Скопје

## Рециклирањето пластика во Скопје било успешна приказна



Системот за рециклирање ПЕТ-амбалажа во Скопје е навистина успешна приказна за целиот Балкан, оценил Михамед Љатиф, директорот на одделот за екологија на американската агенција УСАИД, која е партнер на локалната самоуправа во спроведувањето на овој проект. Оваа оцена доаѓа и покрај тоа што во градот нема изградено систем за преработка на пластиката, туку таа се става или во обичните или во посебни контејнери, а потоа ја собираат и ја продаваат поединци.

- Улогата на Ромите во собирањето на пластичниот отпад е високоценета. На тој начин тие се самовработуваат, а расфрлана пластика на улиците едноставно не можете да најдете - рекол Љатиф на средбата со градоначалникот Трифун Костовски.

Костовски, пак, истакнал дека соработката со УСАИД е мошне успешна и дека градот се движи во вистинска насока кога станува збор за селектирањето и за рециклирањето на пластичниот отпад.

- Многу луѓе најдоа вработување во тој сектор. Тоа отвора можности за уште поголеми заложби за рециклирање на хартијата и на пластиката - додал тој.

Селектирањето на пластиката во посебни контејнери една година се спроведува на подрачјето на општината Карпош, а од неодамна се воведе и во други делови на градот. Од „Комунална хигиена“ велат дека досега поставиле 120 контејнери, со што покриле 70 отсто од подрачјата со куќи и 50 отсто од тие со станбени згради во Карпош. Им требало уште толку за целосно да ги покријат деловите со згради. Сега собирале по два тона пластичен отпад неделно, а планирале тоа количество да го зголемат на пет тони.

Рециклирањето на пластиката го вршат сиромашни лица, претежно Роми, кои со запрежни коли или со приколки шетаат по улиците и пребаруваат по контејнерите. Полнат по една-две големи вреќи дневно, а за секоја од нив добиваат по 150 денари. Законот за јавна чистота, кој се применува пет месеци, пак, забранува буричкање во контејнерите и за тоа следува казна од 50 евра.

Г.Т.

прочитано: 39 коментари: 1 коментар

### КОМЕНТАРИ

aj sea raboti?... | Анонимен корисник | 29.01.2009 12:58:54

aj sea raboti?

Изданијата пред 08.08.2008 година можете да ги пронајдете ОВДЕ.

Фрлаат опасни материи во контејнери за да заштедат сто денари

Ќе се прави студија за главните цевководи за вода

СК - 24

ПРИЛОЗИ

-ЛИК-




-ИЗБОР-




-КОЛИБРИ-




-ИНТЕРАВТО-




powered by WebArchitect Login Systems
Најава

Број на посетители: **2945350**

© 2008 Нова Македонија. Сите права задржани.